UNHCR
The UN Refugee Agency

# „Ова е нашиот дом“

## МАЛЦИНСТВАТА БЕЗ ДРЖАВЈАНСТВО И НИВНАТА ПОТРАГА ПО ДРЖАВЈАНСТВО



#IBELONG

*„Замислете да ви кажат дека не припаѓате заради јазикот што го говорите, верата на која припаѓате, вашите обичаи или бојата на вашата кожа. Тоа е тажната реалност за многу лица без државјанство во светот. Дискриминацијата која може да биде главната причина за нивното бездржавјанство е присутна во нивниот секојдневен живот – што честопати претставува голем хендикеп. Доколку сакаме да ставиме крај на бездржавјанството, треба да се справиме со дискриминацијата. Мора да инсистираме на еднакви национални права за сите.“*

**Филипо Гранди**
ВИСОК КОМЕСАР НА ОБЕДИНЕТИТЕ
НАЦИИ ЗА БЕГАЛЦИ



Дискриминација. Исклучување. Прогон. Ова се зборовите што најчесто го опишуваат постоењето на малцинствата без државјанство во светот. Над 75 отсто од популациите во светот без државјанство им припаѓаат на малцински групи.[1] Овие популации вклучуваат потомци на мигранти, од кои многумина пристигнале или биле раселени на одредена територија пред таа да стекне независност; номадско население со врски со две или повеќе земји; и групи кои доживеале постојана дискриминација и покрај тоа што живееле цели генерации на место кое го сметаат за дом.

Дискриминацијата врз основа на етничка припадност, раса, религија или јазик е постојана причина за бездржавјанство во светот. Во некои случаи, дискриминацијата против малцинствата е пропишана со закон: најмалку 20 земји задржуваат закони за државјанство според кои државјанството може да биде одбиено или лишено на дискриминаторски начин.[2] Во последните децении продолжија да се појавуваат случаи на масовно лишување од државјанство врз основа на етничка припадност или раса. Почесто, дискриминацијата се заснова на формални или неформални политики и практики кои непропорционално

(1) Овој процент е базиран на статистички податоци за населенија без државјанство, вклучени во извештајот на УНХЦР за 2016 Глобални трендови, за кои се знае дека припаѓаат на етничко, верско или јазично малцинство. Тука не се вклучени малцинските групи кои сочинуваат дел од позната популација без државјанство во една земја, но не го сочинуваат мнозинството од таа популација. Процентот, исто така, не ги вклучува многуте малцински групи без државјанство за кои УНХЦР нема соодветни статистички податоци.
(2) Види Активност 4, Глобален акциски план на Високиот комесар на ОН за бегалци (УНХЦР) за ставање крај на бездржавјанството, 4 ноември 2014, достапен на: http://www.refworld.org/docid/545b47d64.html



влијаат на одредени групи. Бездржавјанството може да го влоши исклучувањето со кое малцинствата веќе се соочуваат, со што дополнително се ограничува нивниот пристап до образование, здравствена заштита, законско вработување, слобода на движење, можности за развој и право на глас. Тоа создава јаз помеѓу погодените групи и пошироката заедница, со што се продлабочува чувството на нечлен: трајно неприпаѓање. Со нерешавање на прашањето, долготрајното исклучување на малцинствата без државјанство може да создаде чувство на незадоволство, страв и - во најекстремните случаи - да доведе до прогон, раселување, нестабилност и несигурност.

Во мај и јуни 2017 година, УНХЦР разговараше со повеќе од 120 лица кои припаѓаат или припаѓале на малцински групи без државјанство во три земји: заедницата Карана од Мадагаскар, Ромите и други етнички малцинства во поранешната југословенска Република Македонија, и заедниците Пемба и Маконде од Кенија. Како резултат на индивидуалните сведоштва собрани за време на овие консултации, овој извештај ги објаснува околностите што довеле до тоа тие да не бидат признати како државјани на која било земја. Извештајот покажува како бездржавјанството може да се пренесе од една генерација на друга, со што на децата им се негира државјанството заради националното или етничкото потекло на родителите. Се истакнуваат секојдневните понижувања и страдања на поединци кои се исклучени поради карактеристики кои се својствени за нивните идентитети - нивните истории, нивниот изглед, нивниот јазик, нивната вера. Наодите во овој извештај ја истакнуваат критичната потреба малцинствата да го уживаат правото на државјанство.

ДИЗАЈНОТ #IBELONG Е РАЗВИЕН ВО СОРАБОТКА СО ОБЕДИНЕТИТЕ БОИ НА БЕНЕТОН

## Овие клучни наоди извлечени од консултациите на УНХЦР

со сегашни или поранешни малцински групи без државјанство во 2017 година се однесуваат на причините и влијанијата на бездржавјанството врз консултираните малцински групи. Тие покажуваат дека двете можат да бидат тесно поврзани (на пример, дискриминацијата и недостатокот на документација можат да бидат и причина и последица на бездржавјанството).

### ДИСКРИМИНАЦИЈА

„УЃЕТО НИ ВЕЛАТ ДА СЕ ВРАТИМЕ ВО МУМБАЈ. НО НИЕ НЕ ГО ПОЗНАВАМЕ МУМБАЈ. РОДЕНИ СМЕ ТУКА.“

—**НАСИР ХАСАН,** 48,
ОД ЗАЕДНИЦАТА КАРАНА,
МАДАГАСКАР

Дискриминацијата и исклучувањето на етничките, религиозните или јазичните малцински групи често се основната причина за нивното бездржавјанство. Во исто време, нивното бездржавјанство може да доведе до понатамошна дискриминација, како во законот така и во праксата. Според луѓето кои учествуваа во консултациите, дискриминаторските ставови се очигледни во интеракција со властите и сонародниците. Тие исто така укажуваат дека дискриминацијата ги деградира нивните заедници и спречува другите да ги гледааткако еднакви човечки суштества кои ги заслужуваат истите права и ниво на почит. Дискриминацијата исто така придонесува кон осиромашувањето и го отежнува пристапот до образование, здравствена заштита и други државни услуги.

### НЕДОСТАТОК НА ДОКУМЕНТАЦИЈА

„ТИЕ [ВЛАСТИТЕ] НЕ МИ ГИ ОБЈАСНИЈА РАБОТИТЕ, ТУКУ САМО МИ ПОБАРАА ДОКУМЕНТИ КОИ ГИ НЕМАВ.“

—**ХАЈДАР ОСМАНИ,** 54,
ОД ЗАЕДНИЦАТА НА ЕТНИЧКИ АЛБАНЦИ, ПОРАНЕШНА
ЈУГОСЛОВЕНСКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Дискриминацијата против консултираните малцинства без државјанство најјасно се манифестира во нивните обиди да се стекнат со потребната документација за да го докажат своето државјанство или своето право на државјанство, како што се лична карта од државата или извод од матичната книга на родените. Недостатокот од ваков документиран доказ може да ги втурне во маѓепсан круг, при што властите одбиваат да го признаат инаку валидното барање за државјанство. Во некои случаи, малцинските групи сметаат дека е невозможно да се исполнат законските услови потребни за добивање државна лична карта - вообичаен доказ дека се родени во земјата каде живеат од родител со истото државјанство (на пример, извод од матичната книга на родените). Дури и онаму каде што законот предвидува дека сите раѓања на територијата мора да се регистрираат, недоволното познавање на таквите закони може да доведе до тоа некои органи да одбијат регистрација на малцинските групи кои ги сметаат за странци. Другите форми на дискриминација вклучуваат произволно одбивање да се издадат или обноват документи; непријателски третман; или експлоатација од страна на властите кои издаваат документи. Заради ова многумина морале да закажат бројни термини, да платат огромни надоместоци и да чекаат неоправдано подолго време за одговор на нивните барања за документи. Повеќето консултирани поединци направиле повеќе обиди за вадење извод од матичната книга на родените или државна лична карта. Во недостаток на каков било начин да го докажат своето државјанство или право на државјанство, тие често немаат пристап до придобивките како што се јавните здравствени услуги и социјалната помош кои се достапни на државјаните.

## СИРОМАШТИЈА

„НАЈГОЛЕМ ПРОБЛЕМ Е СИРОМАШТИЈАТА ПРЕДИЗВИКАНА ОД МОЕТО БЕЗДРЖАВЈАНСТВО. ЛИЦЕТО БЕЗ ДРЖАВЈАНСТВО НЕ МОЖЕ ДА ПОСЕДУВА ИМОТ. СЕ ЧУВСТВУВАМ ПОНИЖЕН И ПОСРАМЕН ОД СИТУАЦИЈАТА ВО КОЈА СЕ НАОЃАМ.“

—**ШААМЕ ХАМИСИ,** 55,
ОД ЗАЕДНИЦАТА ПЕМБА,
КЕНИЈА

Заради нивното бездржавјанство и недостаток на документација, групите кои се консултирани обично се лишени од пристапот до легално или одржливо вработување, или до заеми или дозволи кои ќе им овозможат пристоен живот. Ова може да ги изложи на закана од оние кои ќе ја искористат нивната ранливост и неможноста да ги оспорат експлоатирачките договори за вработување. Заради оваа маргинализација малцинствата без државјанство многу тешко можат да излезат од постојаниот круг на сиромаштијата. Со тоа што се лишени од можноста да поседуваат сопствен имот, некои малцинства без државјанство прибегнуваат кон регистрирање на имот користејќи туѓ идентитет (најчесто од граѓани што ги познаваат) за да можат да ги обезбедат своите семејства, оставајќи ги во состојба на несигурност и загриженост.

## СТРАВ

„ТИЕ (ПОЛИЦИЈАТА) ЗНААТ ШТО ПРАВИМЕ, КАДЕ ОДИМЕ. НИ БАРААТ ЛИЧНА КАРТА, А КОГА ВЕЛИМЕ ДЕКА НЕМАМЕ, ТОГАШ НÈ ПРИВЕДУВААТ И НÈ ТЕПААТ.“

—**АЈНУР ДЕМИР,** 26,
ОД РОМСКАТА ЗАЕДНИЦА,
ПОРАНЕШНА ЈУГОСЛОВЕНСКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Сите консултирани групи зборуваа за стравот за нивната физичка сигурност и безбедност поради тоа што се без државјанство. Некои поединци доживеале директно физичко насилство. Други укажуваат на примери на намерно профилирање од страна на полицијата, неможност за презентирање документи која завршила со приведување или давање поткуп , како и притвор и обид за депортација од страна на властите. Фактот дека се криминализираат за состојба во која се немоќни да направат нешто, остава психолошки лузни и чувство на ранливост кај многумина. За некои, неможноста да обезбедат барем постојано живеалиште или да поседуваат сопствен имот или лична сопственост што е основен извор за живот ги става во состојба на несигурност и огромна загриженост. Сите родители изразија длабок очај поради тоа што немаат можност да ја променат иднината за своите деца.

# „НИЕ СМЕ ТУКА, ОВА Е НАШИОТ ДОМ.“

**БАШИР ИБРАХИМ**, 71
ЗАЕДНИЦА КАРАНА,
МАХАЏАНГА, МАДАГАСКАР

Обезбедувањето еднаков пристап до правата на државјанство за малцинските групи е една од клучните цели на Кампањата #IBelong на УНХЦР за ставање крај на бездржавјанството до 2024 година. За да се постигне ова, УНХЦР ги повикува сите држави да ги преземат следниве чекори, во согласност со Активностите 1, 2, 4, 7 и 8 од Глобалниот акциски план на УНХЦР за ставање крај на бездржавјанството:

- Да се олесни натурализацијата или потврдувањето на државјанство за малцинските групи без државјанство кои живеат на територијата, под услов да се родени или престојувале таму пред одреден датум, или имаат родители или баби и дедовци кои ги исполнуваат овие критериуми.

- Да им се дозволи на децата да стекнат државјанство од земјата во која се родени доколку без тоа тие би биле без државјанство.

- Да се укинат законите и практиките кои на лицата им негираат или ги лишуваат од државјанство врз дискриминаторски основи sкако што се расата, етничката припадност, религијата или статусот на јазично малцинство.

- Да се обезбеди универзална регистрација на раѓања за да се спречи бездржавјанството.

- Да се отстранат процедуралните и практичните пречки при издавањето документи за државјанство на оние кои имаат законско право на тоа.



ДИЗАЈНОТ #IBELONG Е РАЗВИЕН ВО СОРАБОТКА СО ОБЕДИНЕТИТЕ БОИ НА БЕНЕТОН



ПОРАНЕШНА ЈУГОСЛОВЕНСКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Во мај и јуни 2017 година, УНХЦР разговараше со преку 120 лица** кои им припаѓаат или им припаѓале на малцински групи без државјанство или носеле ризик од бездржавјанство во три земји: заедницата Карана од Мадагаскар, Роми и други етнички малцинства во поранешната југословенска Република Македонија, и заедниците Пемба и Маконде од Кенија. Консултациите му овозможија на УНХЦР подобро да ги разбере клучните причини за бездржавјанството на овие групи, како и влијанието што тоа го има врз нивните животи.

Иако не постојат веродостојни податоци во врска со точниот број лица без државјанство во светот, УНХЦР проценува дека во моментов има милиони луѓе без државјанство. Многу од овие луѓе припаѓаат на група која е етничко, верско или јазично малцинство во земјата во која често живеат со генерации. Оттука, тие се разликуваат од мнозинството и по тоа што се без државјанство и по тоа што се малцинства.[3] Овој извештај ги зема предвид и статусот на бездржавјанство и статусот на малцинство, затоа што тие се поврзани меѓусебно преку искуствата на луѓето.

Во некои случаи, бездржавјанството на лицето се должи на експлицитното исклучување од државјанство врз основа на малцинскиот статус според националниот Закон за државјанство во земјата во која живеат. На пример, муслиманската заедница Рохингја, во Мијанмар, најголемата група без државјанство во светот, е исклучена од листата на „национални етнички групи“, кои според Законот за државјанство од 1982 година автоматски стекнуваат државјанство при раѓање. Тие не се во можност да стекнат државјанство на Мијанмар поради дискриминаторскиот начин на кој бил изготвен законот и се применува во пракса. Во Сирија, во 1962 година, со декрет бил нареден посебен попис кој негативно влијаел врз 300.000 сириски Курди, при што тие останале без државјанство

(3) Иако не постои меѓународно прифатена дефиниција за малцинство, општо прифатено е дека малцинството е етничка, верска или јазична група, што е помалку од бројот на остатокот од населението, чии членови имаат заеднички идентитет. Види, на пример, член 27, Меѓународен пакт за граѓански и политички права.




(овој број оттогаш е намален на 160.000).[4] Во други ситуации, дискриминацијата е помалку експлицитно поврзана со малцинскиот статус. На пример, пресудата на Уставниот суд во Доминиканската Република од 2013 година имала непропорционално влијание врз лицата со потекло од Хаити родени во земјата, при што многу лица од оваа национална малцинска група биле лишени од нивното државјанство, иако пресудата не била изречно насочена кон нив. Дискриминацијата во административните практики во голем број земји може да ги остави малцинските групи без документација како што се изводи од матичната книга на родените и државни лични карти. Ваквата документација е од витално значење за докажување на нивното право на државјанство, изложувајќи ги на ризик од бездржавјанство или оставајќи ги без државјанство таму каде дискриминацијата е систематска и постојана. Таму каде што малцинските групи се посиромашни, помалку образовани, не го зборуваат државниот јазик, живеат во оддалечени области или немаат пристап до совет или поддршка, тие многу тешко успеваат да се спротивстават на оваа дискриминација и исклученост.

(4) Беа преземени важни чекори за решавање на ситуацијата на сириските Курди лишени од нивното државјанство во 1962 година; најзначајно, во 2011 година беше прогласен Декретот 49, што доведе до доделување на сириско државјанство на илјадници лица без државјанство од етничкото курдско малцинство.

# ПРЕГЛЕД



**Бездржавјанството што го доживуваат одредени групи** е симптом и причина за нивното исклучување: тоа произлегува од дискриминацијата заснована на различности и го засилува недостигот на припадност во општествата во кои живеат, што го прави секојдневниот живот многу потежок и ја зајакнува граѓанската и политичката исклученост. Бездржавјанството понекогаш се смета за технички проблем што произлегува од празнините во законите за државјанство. Меѓутоа, во многу случаи, основната причина за бездржавјанството на малцинските групи е самата различност.

Современата меѓународна рамка за правата за заштита на малцинствата е обид да се признае и да одговори на ова. Посебно внимание се посветува на правата на малцинствата во Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, каде во членот 27 се вели: „Во државите каде што постојат етнички, верски или јазични малцинства, лицата кои им припаѓаат на тие малцинства не можат да бидат лишени од правото да имаат, заедно со другите членови на својата група, свој посебен културен живот, да ја манифестираат и практикуваат својата вера или да го користат својот јазик". Самите Конвенции на ОН за бездржавјанство се исто така дел од напорите на меѓународната заедница за решавање на бездржавјанството на светско ниво.

Оваа година се одбележува 25-годишнината од Декларацијата за правата на лицата припадници на националните или етничките, верските и јазичните малцинства од 1992 година, со која државите се обврзаа да ги заштитат овие групи од каква било форма на дискриминација. Денес, работата на ОН вклучува посебен Форум за малцински права под покровителство на Советот за човекови права, Специјален известувач за правата на малцинствата и редовни резолуции на оваа тема од страна на Советот за човекови права и Генералното собрание на ОН. Прашањето на малцинствата без државјанство за првпат беше покренато на Форумот за правата на малцинствата во 2016 година.



**По секоја консултација,** УНХЦР, заедно со претставници од секоја од засегнатите малцински заедници, одржуваше состанок со заинтересираните страни од Владата и граѓанското општество за да ги изнесе клучните наоди. Исто така, претставниците на малцинствата беа поддржани да се застапуваат директно пред властите за вклучување на нивните заедници во доделувањето на државјанство; реформи за да се спречи бездржавјанството кај децата и да се поправат дискриминаторските закони; и подобрувања на политиките и административните практики за да се обезбеди непречен пристап до матичната регистрација и придружната документација за идентификација.

Гласот на лицата без државјанство од малцинските групи вклучени во овој извештај помага да се разбере сложената интеракција помеѓу да се биде обесправен како малцинство и да се биде без државјанство. Со овие сознанија може да се преземат активни чекори за да се отстрани неправдата од бездржавјанството и да се ублажат тешкотиите што ги чувствуваат лицата без државјанство во секојдневниот живот.

Тина Ерик, 22, од племето Маконде во округот Квале, Кенија, учествува во консултациите со малцинства без државјанство во јуни 2017.


Махаџанга



# Заедницата Карана од Мадагаскар



СУГРАБЕЈ ИБРАХИМ, КОЈА ИМА 84 ГОДИНИ И Е СÈ УШТЕ БЕЗ ДРЖАВЈАНСТВО, НИКОГАШ НЕ ПОСЕТУВАЛА УЧИЛИШТЕ.



**Каранското малцинство од Мадагаскар** е присутно на територијата на оваа островска нација повеќе од еден век. Потекнуваат од западните провинции од периодот пред поделбата на Индија, особено од областа која сега ја сочинува индиската држава Гуџарат и дел од југоисточен Пакистан. Најзначајниот бран на миграција од Индија до Мадагаскар се случила во втората половина на деветнаесеттиот век, кога морската трговија на Индискиот Океан станала поконкурентна и многу луѓе од Индија се населиле на Мадагаскар, особено на западниот брег. Не постојат веродостојни податоци за точниот број на припадниците на заедницата Карана во Мадагаскар; се верува дека ова малцинство од индиско потекло брои околу 20.000 луѓе, но вистинската бројка може да биде значително повисока. Најголемиот дел на овие луѓе се родени на Мадагаскар и го поминале целиот свој живот на островот. Повеќето живеат во урбани средини, вклучувајќи го и главниот град Антананариво и градот Махаџанга на северозападниот брег. Фактот дека заедницата Карана се претежно муслимани придонесува на зајакнувањето на перцепцијата за нив како луѓе кои не припаѓаат таму.

> „За да одите на универзитет, моравте да служите воен рок. Без државјанство, не можев да служам воен рок. И така се мачев целиот свој живот без соодветно образование.“

Иако недостасуваат точни бројки, веројатно е дека значителен дел од Караните во Мадагаскар се без државјанство. Ова е првенствено затоа што законот на државјанство на Мадагаскар го следи принципот на *jus sanguinis* (доделување на државјанство при раѓање на деца кои имаат барем еден родител кој поседува малгашко државјанство), а на Караните генерално не им било дадено државјанство кога Мадагаскар ја стекнал независноста од Франција во 1960 година, бидејќи тие не се сметале за етнички малгаши. Практично сите Карани без државјанство, кои се сретнаа со УНХЦР во 2017 година, кажаа дека безуспешно се обидувале да добијат малгашко државјанство. Некои ги задржале адвокатите за да им помогнат во напорите и постојано да бараат државјанство во текот на неколку децении, без да добијат формален одговор. Непознат број Карани успеале да добијат уште едно државјанство и на тој начин да го решат своето бездржавјанство. На пример, неколку од оние кои се сретнале со УНХЦР добиле француско државјанство како резултат на програмата што Франција им ја стави на располагање на одредени жители на поранешните француски колонии. Меѓутоа, сите Карани со француско државјанство со кои разговараше УНХЦР останале како постојани жители на Мадагаскар, и Мадагаскар го сметаат за нивен дом.

Како и сите лица без државјанство, Караните без државјанство во Мадагаскар честопати не се во можност да пристапат до формалното образование и можностите за вработување, што не им остава голема надеж дека ќе успеат да ја избегнат екстремната сиромаштија. Исмаил Рамјанали, постар државјанин кој бил без државјанство сѐ додека не стекнал француско државјанство во 2017 година, ја објаснува ситуацијата на неговата генерација мажи: „За да одите на универзитет, моравте да служите воен рок. Без државјанство, не можев да служам воен рок. И така се борев целиот свој живот без соодветно образование“. Мајка му, Суграбеј Ибрахим, која има 84 години и е сѐ уште без државјанство, никогаш не посетувала училиште. Се сеќава дека гладувала за да може да ги нахрани Исмаел и неговите браќа и сестри. Иако успевала некако да ги нахрани сепак не можела да им обезбеди лекарска нега кога биле болни. Кога луѓето ја прашувале што не е во ред со нејзините деца, таа морала да одговори: „Болни се и немам пари да им купам лекови“.



„Јас сум муслиман, но без државјанство никогаш не сум можел да патувам во Мека.“

Сагуир Раматула, 56, Махаџанга, Мадагаскар



Азиз Асгарали од Махаџанга, Мадагаскар, им помага на малгашки сиромашни деца и деца без родители во рамките на проекти финансирани од заедницата Карана. Досега, многу Карани не се во можност да добијат државјанство. Документите за идентификација кои им ги издала државата Мадагаскар го посочуваат нивното државјанство како „недефинирано", што во реалноста значи дека се без државјанство

**Караните го искажуваат своето чувство на исклученост.** АКако што вели Насир Хасан*, средовечна жена Каранка, „Луѓето ни велат да се вратиме во Мумбај. Но, ние не го познаваме Мумбај. Тука сме родени". Исто така, фрустрирани се и заради навредите кои треба да ги трпат, вклучувајќи ги и многуте административни пречки кои мора да ги надминуваат за да ги задржат своите документи за лична идентификација. Семејствата кои живеат во Мадагаскар со генерации и понатаму се во очекување на дозвола за престој. Правилата се менуваат постојано, бидејќи се воведуваат нови форми на идентификација, како што е биометриската идентификација, а трошоците за документите за идентификација постојано растат. Махамадусен Чамимакатоме, 58-годишна жена Каранка, објаснува како таа поминала над 25 години во потрага по малгашко државјанство. Неодамна, таа исплатила голема сума пари за 100-годишна дозвола за привремен престој, но набрзо потоа била известена дека повеќе не била валидна освен ако не биде преработена со биометриски податоци. „Државен службеник ја фрли мојата дозвола за привремен престој во ѓубре", се пожали таа. Ибрахим

Икбал, 50-годишен татко на две деца кој работи за локален златар, неодамна зел заем од неговиот работодавец за да може да си дозволи да купи нова биометриска дозвола за престој. „Со мојата скромна плата, ќе треба две години да го вратам заемот“, вели тој, додавајќи: „Ова беше огромна финансиска инвестиција, а јас сè уште не можам да гласам или да патувам“.

„Ние сме тука. Ние сме ваши соседи. Кога врне дожд, врне за сите нас. Кога сонцето грее, треба да нè грее сите.“

Фрустрацијата со дозволите за привремен престој, барањата за промена на документацијата и високите давачки постојано се нагласуваа во дискусиите со Караните. Неколкумина му укажаа на УНХЦР дека можно е да се издадат вистински малгашки пасоши за пари со цел да се отпатува во странство за лекување, но дека овие документи се одземаат по враќањето. Сепак, повеќето Карани без државјанство не можат да си дозволат вакви патни документи. Сагуир Раматула, 56-годишен маж, ја нагласува необичната дилема својствена за многумина Карани: „Јас сум муслиман, но без државјанство никогаш не сум можел да патувам во Мека“. Тој додава: „Ако не сме Малгаши по раѓање, тогаш кои сме ние? Ова е нашиот дом“.

Азиз Асгарали, 60-годишен пензионер кој е претседател на заедницата Коџа во Махајанга, ги одразува ставовите на многумина дека заслужуваат државјанство врз основа на нивните силни врски и придонес кон заедниците во кои живеат. „Неделно дистрибуираме храна на деца и стари лица и помогнавме да се отвори училиште кое ќе обезбеди основно и средно образование за локалната заедница. Моето семејство е тука веќе пет генерации, но успеав само да добијам француско државјанство, а не државјанство на мојата татковина. Зошто не заслужуваме да бидеме граѓани тука?“ Децата на Азиз сега имаат и француско државјанство преку него. Тој забележува дека како и многумина Карани кои успеале да одат во странство за да студираат, веројатно нема да се вратат. „Ова е тажно. Каков ли придонес би можеле да дадат, или инвестиции... моите деца учат во најдобрите универзитети во светот, но тие не сакаат да се вратат. Зошто би се вратиле во земја во која немаат права? Ако се вратат, ќе ја збогатат земјата, ќе инвестираат овде, но нема да се вратат. На овој начин со текот на времето полека исчезнуваме“.

**И покрај значајните предизвици** со кои се соочуваат Караните без државјанство во Мадагаскар, сепак од неодамна имаат причина за радост. На 25 јануари 2017 година, Владата донесе нов закон со кој се гарантира еднаквото право на граѓаните, без оглед на нивниот пол, да го пренесат државјанството на нивните деца. Сега, секое дете родено од малгашка мајка или татко ќе биде признаено како Малгашанец. УНХЦР се надева дека владата ќе преземе понатамошни чекори за решавање на бездржавјанството на малцинските групи без државјанство; освен Караните, има и непознат број лица од кинеско, коморијанско и мешано потекло кои се без државјанство од Мадагаскар. Малкумина можат да им се спротивстават на зборовите на Башир Ибрахим*, постар маж Карана, кој едноставно, но моќно го брани ставот дека Караните треба да имаат еднаков пристап до малгашкото државјанство: „Ние сме тука. Ние сме ваши соседи. Кога врне дожд, врне за сите нас. Кога сонцето грее, треба да нè грее сите.“

# Ромите и другите поранешната југословенска



# етнички малцинства во Република Македонија







**МИВТАР РУСТЕМОВ, 48** И
**ЛИРИЈЕ РУСТЕМОВ, 13,**
СКОПЈЕ, ПОРАНЕШНАТА ЈУГОСЛОВЕНСКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## „ЧУВСТВУВАМ ДЕКА И ЈАС ПРИПАЃАМ ТУКА.“

**Во неформалната населба** составена од импровизирани домови на брегот на реката Вардар, децата Роми си играат со празни пластични шишиња. Населбата се вика „Под Кале“. „Собираме пластични шишиња и заработуваме 100-200 денари дневно (помалку од 4 американски долари), но не можеме да заштедиме за утре. Не добиваме никаква поддршка од државата“, објаснува Лашо Насифи,* 24-годишен маж Ром без државјанство.

„Ова е нашата татковина... ние не сме дојдени од друго место.“

Корените на ромскиот народ може да се најдат некаде во северна Индија, од каде што мигрирале од тринаесеттиот до петнаесеттиот век во Европа, вклучително и на денешната територија на поранешната југословенска Република Македонија.

Ромите претставуваат најголема група меѓу етничките малцинства во земјата кои се без државјанство или се изложени на ризик од бездржавјанство. Официјалните бројки покажуваат дека во земјата има 54.000 Роми, иако неофицијалните процени се движат од 110.000 до 260.000. Ромите имаат единствен етнички идентитет и го зборуваат ромскиот јазик освен македонскиот, кој ги разликува од мнозинското македонско население.

Бездржавјанскиот статус на Ромите и другите етнички малцинства делумно е поврзан со распаѓањето на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во раните '90–ти години. Законот за државјанство на поранешната југословенска Република Македонија, донесен во ноември 1992 година, предвидувал граѓаните на претходната држава автоматски да станат државјани на новосоздадената држава. Оние кои законски престојувале на територијата



Дечиња Роми си играат во населбата под Кале, Скопје, поранешната југословенска Република Македонија.

на поранешната југословенска Република Македонија за време на распаѓањето можеле да стекнат државјанство со барање за натурализација во рок од една година. Многумина ја пропуштиле оваа можност со краток рок, во голема мера заради незнаење, или често не биле свесни за фактот дека тие не биле државјани на државата во која продолжиле да живеат. Хајдар Османи, 54-годишен етнички Албанец, роден во Скопје во 1963 година, раскажува: „Кога [властите] даваа македонско државјанство, оние кои не знае за тоа, не аплицираа“. Како резултат, многумина станаа странци во земјата во која се родени и го поминале најголемиот дел од својот живот.

Освен последиците од распадот на поранешна Југославија, немањето изводи од матичната книга на родените и други форми на документи за идентификација, значително влијаат врз ромската заедница и нејзиниот пристап до државјанство, и тоа не само во поранешната југословенска Република Македонија, туку и низ цела Југоисточна Европа. Заробени во маѓепсаниот круг каде недостатокот на документација на родителите ја попречува регистрацијата на нивните деца, тие немаат средства да го докажат своето право на државјанство. Освен сиромаштијата и недостаток на образование, како и слабото познавање на процедурите за барање документи, тие се и жртви на постојана дискриминација. Шерафедин Сејфула, 54-годишен Ром објаснува: „Дискриминацијата врз Ромите е широко распространета. Таа е присутна секаде, во полициските станици, болниците, училиштата. Секој има предност пред нас. Тие [јавната администрација] имаат арогантен пристап од самиот почеток. Секогаш ви велат: Одете си. Но, ова е нашата татковина, нашите баби и дедовци се родени тука, ние не сме дојдени од друго место.“





**Недостатокот на документи** не влијае само на способноста на Ромите да го докажат или стекнат државјанството на поранешната југословенска Република Македонија, туку исто така го попречува нивниот пристап до образование, здравствена заштита, вработување, социјална помош и други основни права на граѓаните. Главната пречка за добивање на државна лична карта, која е клучна за пристап до државните услуги, е барањето за постојан легален престој. Повеќето Роми живеат во диви населби или градби бидејќи не можат да си дозволат постојани живеалишта. Фатмира Мустафа, мајка на четири деца, за да преживее собира отпадоци од контејнери. Таа живее во северното предградие на Шуто Оризари, во нејзината мала куќарка без вода и електрична енергија веднаш до купиштата отпадоци. Повеќе од половина од ромската заедница во Скопје живее во Шутка, како што се нарекува локално единствената од десетте општини во Скопје со ромски градоначалник. Неодамна, Фатмира дознала дека еден Албанец ја купил парцелата на која таа и нејзиното семејство престојуваат на диво. Оттогаш, таа со страв го чека денот кога сопственикот ќе тропне на вратата за да ги покаже документите што му даваат право на тоа парче земја.

Од луѓето кои се со потекло од другите поранешни југословенски републики се бара да приложат документи кои потврдуваат дека не се државјани на некоја друга држава наследничка на Социјалистичка Федеративна Република Југославија. „Властите ми рекоа дека морам да одам во Косово за да добијам потврда дека не сум државјанин на Косово. Но, како можам да патувам таму без документи?“, прашува Сутки Соколовски, 28-годишен етнички Албанец. Неговата мајка, која го напуштила како дете, била од Косово, но тој е роден во поранешната југословенска Република Македонија и таму живее сиот свој живот. Единствениот



Фатмира Мустафа, 32, Скопје, поранешната југословенска Република Македонија.

документ што го поседува Сутки е личната карта за странци, која доаѓа без право на здравствено осигурување и го ограничува неговото вработување до траење на дозволата (односно една година). „Со лична карта за странци, никој не сака да ве вработи. Осудени сме на сиромаштија“, вели Хајдар Османи. Сиромаштијата, во комбинација со неможноста за пристап до јавното здравство, има тешки здравствени импликации за многу Роми кои не се во можност да платат за здравствено осигурување од сопствените џебови. Хајдар бил принуден да ја продаде својата куќа откако му бил потребен третман за рак. За петте членови на неговото семејство, тој мора да покрие околу 240 долари месечно за здравствено осигурување.

„Тие се тука родени, како може да не добијам извод од матичната книга на родените за моите деца?“

Без државна лична карта, тој нема право на здравствено осигурување, социјална помош или постојано вработување. „Имам поднесено над 20 формални барања за документи од 1991 година. Се обратив дури и до канцеларијата на Народниот правобранител. Тие [властите] не ми ги објаснија работите, туку само ми побараа документи што ги немам“, објаснува тој, поразен.

Речиси сите членови на заедницата го споделуваат неговото чувство дека властите



Ајнур Демир, 26 и неговото младо семејство во населбата под Кале, Скопје, поранешната југословенска Република Македонија.

не им даваат јасни упатства, дека се однесуваат произволно и дека им бараат документи што не се во можност да ги добијат. „Отидов на нотар и ги побарав овие документи“, продолжува Хајдар, „дури и ангажирав нотар за да го потврди мојот идентитет. Дури имав и сведоци. Кога се вратив и на властите им ги покажав документите, рекоа дека не им се потребни и ги скинаа.“ Бајрамша Есад, 42-годишна мајка Ромка која се обидела да добие извод на родените за нејзиниот син, ни кажа „Кога госпоѓата на шалтерот ме виде, направи гримаса и ми рече да си заминам. Тие нè навредуваат и честопати велат: ’Бегајте од овде, цигани‘“. Ова чувство на избегнување поради етничката припадност силно одекнува во заедницата. „Секој пат кога ќе се појавам, на нив сум им одбивен затоа што сум Ром“, вели Ферди Бислими, 23-годишен Ром без никакви документи за лична идентификација.

**Освен во случај кога се придружувани од адвокат** или поддржани од локална невладина организација, Ромите обично се соочуваат со дискриминаторски третман кога се обидуваат да пристапат до јавните услуги. Поради тоа, заедницата се потпира на партнерската организација на УНХЦР, Македонското здружение на млади правници и ромските невладини организации, како што е Амбрела, за да добијат изводи од матичната книга на родените и други форми на документација, како и да пристапат кон други права, како што е образованието. Поради залудните обиди во минатото, многу Роми сметаат дека не можат да ги запишат своите деца на училиште. Меѓутоа, државниот Закон за основно образование вели дека секое дете има право на основно образование на недискриминаторска основа. Ова вклучува прием на деца без државјанство и без документи кои живеат на територијата. Во пракса, ромските деца често се спречени да преминат на следното ниво, а им се бараат и изводи од матичната книга на родени за да ги полагаат завршните испити. Мивтар Рустемов, 48-годишен родител Ром, кој има седум деца, со години безуспешно се обидува да извади изводи од матичната книга на родени за своите шест деца кои се родени во домот. „Не можам да разберам како е тоа можно. Тие се родени тука, како не можам да добијам извод од матичната книга на родените за моите деца? Сакам таа [неговата ќерка Лирије] да ги има истите можности како и нејзините пријатели.“

Помладите чувствуваат дека ги пропуштаат можностите заради неможноста да патуваат надвор од земјата или дури и да се движат слободно во неа заради полициската проверка на личните карти. „Тие (полицијата) знаат што правиме, каде одиме. Ни бараат лична карта, кога велиме дека немаме, нè приведуваат. Нè однесоа во полициската станица, нè тепаа и ни се заканија со парични казни“, објаснува 26-годишниот Ајнур Демир. И покрај желбата на помладите генерации да ги избегнат овие секојдневни понижувања, тие признаваат дека „ја сакаме нашата земја. Потребни ни се услови да живееме овде. На друго место сме странци. Тука сме дома“.

Некои од овие прашања сега се решаваат. Работната група за „Решавање на проблемот со лица без документи“, под покровителство на Министерството за труд и социјална политика, неодамна ја продолжи својата работа и во тек се дискусии за можни измени на законот кои ќе им помогнат на Ромите во постапките при регистрација на раѓањата и личните имиња. Министерството за труд и социјална политика, исто така, ги покрива трошоците за ДНК анализа за најранливите ромски семејства за да овозможи регистрација на родените, за децата родени дома, кои немаат други докази за докажување на нивните семејни врски.

# Заедницата Пемба во Кенија







**ШААМЕ ХАМИСИ, 55,**
ОКРУГ КВАЛЕ, КЕНИЈА

## „САКАМЕ ДА ДОБИЕМЕ ДРЖАВЈАНСТВО. ОВА Е НАШИОТ ДОМ.“



**Азурните води и бисерните плажи** се главните причини кои ги привлекуваат посетителите на јужното крајбрежје на Кенија. Дадовите, традиционалните арапски чамци, познати како јахази на свахили, често може да се видат како ги шират своите триаголни едра на хоризонтот - исконски потсетници на историјата на морската миграција меѓу Кенија и нејзините крајбрежни соседи. Сепак, животот е далеку од идиличен за лицата без државјанство кои го населуваат овој регион со генерации.

Заедницата Пемба, која потекнува од истоимениот танзаниски остров, пристигнала во два големи миграциски брана кон јужниот брег на Кенија. Првите пристигнувања се случиле помеѓу 1935 - 1940 година во потрага по подобри услови за живот. Тие го искористиле слободното движење што постоело меѓу островите Занзибар, Пемба и крајбрежниот појас, област која се протега од Ванга во близина на границата Кенија-Танзанија до Кипини во Ламу, и десет наутички милји од брегот кон копното, територија со која управувал тогашниот султан од Занзибар, Абдула бин Калифа. Во 1963 година, при крајот на колонијалното владеење во Африка, Султанот се откажал од својата контрола над појасот од десет милји и областа била вклучена како дел од протекторатот Кенија. Така станал составен дел од Кенија по независноста на земјата во декември 1963 година. И покрај долгото присуство на заедницата Пемба на брегот на Кенија или фактот дека повеќето ги загубиле своите врски со островот Пемба со тек на времето, првите кои пристигнале и нивните потомците никогаш не биле признати како кениски граѓани.

„Најголем проблем е сиромаштијата предизвикана од моето бездржавјанство.“

Вториот бран на заедницата Пемба пристигнала во Кенија помеѓу 1963 и 1970 година, некои во потрага по економски можности, но најмногу бегале од насилството од Занзибарската револуција во 1964 година, што довело до соборување на монархијата на султанот Џамшид бин Абдула. Иако на дел од оваа група им биле издадени лични карти на Кенија, тие биле повлечени под репресивниот режим на претседателот Мои и во текот на 1980-тите и 1990-тите години и била дадени наредби за депортација на припадниците на заедницата Пемба. Како резултат, многумина се засолниле во кениската дивина, очајни да останат во земјата која веќе почнале да ја гледаат како свој дом. Се проценува дека денес во Кенија живеат околу 3.500 припадници на заедницата Пемба.

25 мажи и жени со кои разговараше УНХЦР во Шимони, кои претежно живеат од риболов и земјоделие, се лица кои пристигнале пред независноста или нивните деца родени и израснати во крајбрежните делови на Квале и Килифи. Шааме Хамиси, 55-годишен татко на 13 деца и претседател на заедницата Пемба, и понатаму е без државјанство и без документи, и покрај фактот што неговата сопруга е кениски државјанин и има право да му го пренесе своето државјанство според законот. Шааме е рибар и долгите, топли денови и ѕвездени ноќи ги минува на Индискиот Океан, обидувајќи се да заработи за живот, да го нахрани, облече и да го образува своето големо семејство. „Најголем проблем е сиромаштијата предизвикана од моето бездржавјанство“, вели тој. „Бидејќи јас сум без државјанство, не можам да добијам дозвола за риболов. Без дозвола, не можам да одам на риболов во длабокото море, каде што може да се најде најдобриот улов. Не можам да си дозволам свој сопствен чамец, кој чини 300.000 кениски шилинзи (околу 300 американски долари), или опрема за добар риболов. Без државна лична карта на Кенија, немам право на банкарски заеми за

купување на тие работи. Морам да платам кирија и гориво за да го користам чамецот на мојот сосед. Дури и кога би можел да купам чамец, ќе треба да го регистрирам на име на некој друг. Лицето без државјанство не може да поседува имот. Се чувствувам омаловажен и посрамотен од ситуацијата во која сум.“ Не се чувствува само Шааме вознемирен поради тоа што е исключен. Шеесет и шестгодишната Мекомбо Абдала е жена која малку говори, но на прашањето како се чувствува во нејзината ситуација, таа тивко вели: „Не можам дури ни да јадам кога ќе помислам на моето бездржавјанство“.

Омар Комбо, весел 48-годишниот припадник на Пемба, татко на шест мали деца, исто така чувствува горчина заради нееднаквоста што ја доживува како резултат на бездржавјанството. „Поголемиот дел од нас се рибари“, вели тој. „Единицата за управување со плажата зема 10 кениски шилинзи за секој килограм риба што секој рибар на ова крајбрежје го продава. Таа треба да им исплати дивиденда на сите што плаќаат за штета направена на чамците во текот на сезоната. Бидејќи ние сме припадници на заедницата Пемба не добиваме ништо, дури и ако нашите чамци се скршени. Принудени сме да учествуваме во оваа шема, но сите придобивки ги добиваат нашите браќа со кениско државјанство“. 40-годишниот Сулејман Али Макаме, кој доаѓа од истото село, се сеќава на време кога бил на риболов, и кога брод од Пемба незаконски влегол во водите на Кенија. „Кениската крајбрежна стража нè приведе сите и ни побара да ги покажеме нашите лични карти. Јас немав, и покрај фактот што тука живеам сиот мој живот и се чувствувам како Кениец. Никогаш не сум стапнал на Пемба. Не познавам никого таму. Ме затворија како криминалец со сите други“.

„Никогаш не сум стапнал на Пемба. Не познавам никого таму.“

**За да ја избегнат неповолната состојба** заради немањето на кениско државјанство, некои прибегнале кон нелегални средства за да го добијат. Би Ајша Абдалах, 45-годишна мајка на шест деца, признава дека кога децата на Пемба треба да матурираат, некои родители „купуваат“ родители од Кенија кои можат да покажат државна лична карта за да им овозможат на децата да го полагаат матурскиот испит. Рашид Бакари, елоквентен млад човек, вели дека е среќен што не е без државјанство. Неговиот татко пристигнал во Момбаса од Пемба во 1938 година, а на прашањето од страна на властите во 1963 година за неговото потекло тој го именувал локалното племе Баџуни, меѓу кое живеело неговото семејство. „Но, јас не сум Баџуни“, вели Бакари, „Јас сум Пемба, и иако јас не сум без државјанство, сакам да го повратам мојот вистински етнички идентитет. Сакам да бидам кениски државјанин, но исто така сакам да бидам и јас.“ Омар Комо се соочува со истата дилема и вели: „Доколку не го сменам моето име во име од локалното кениско племе, нема да бидам регистриран како кениски државјанин. Но, избрав да не го сменам моето име или моето племе, бидејќи тоа не сум јас. Јас сум Кениец и по потекло Пемба.“

**Според Уставот на Кенија** и Законот за државјанство и имиграција на Кенија, лицата без државјанство кои живееле во Кенија континуирано од денот на независноста (12 декември 1963) и нивните потомци, може да се стекнат со кениско државјанство преку регистрација. Странците кои пристигнале по независноста, но кои законски живееле во Кенија континуирано седум години, исто така можат да добијат кениско државјанство доколку исполнат одредени услови. Според тоа, сите припадници на заедницата Пемба и нивните деца со кои се консултира УНХЦР треба да добијат кениско државјанство.



Омар Комбо, 48, и дел од неговите деца, Округ Квале, Кенија.



„Сакам да бидам кениски државјанин, но исто така сакам да бидам и јас.“

**Сепак, заради неможноста да обезбедат документирани докази за пристигнувањето или датумот на раѓање во земјата, како и недостатокот на соодветна владина инфраструктура за доделување на државјанството преку регистрација, некои групи без државјанство, како што е заедницата Пемба, се оставени без решение. За некои, како 90-годишната жена Пемба, Мобије Муса, ова значеше речиси еден век исклучување. „Јас сум доволно стара за да имам праправнуци, но сепак сум без државјанство“, вели таа.**

Сепак, има знаци дека оваа ситуација може да се промени. Во декември 2016 година, кениската влада ги призна припадниците на заедницата Маконде, друга етничка група која живее на кениското крајбрежје, како кениски државјани, ослободувајќи ги од обврската за исполнување на одредени доказни услови за да им издаде национални лични карти и изводи од матичната книга на родените. Владата, исто така, го продолжи крајниот рок во кој лицата без државјанство присутни во земјата по осамостојувањето и нивните потомци можат да се пријават за државјанство, од август 2016 до август 2019 година, и со тоа покажа дека е  свесна за хроничната природа на проблемот и подготвеност за решавање на проблемот. Членовите на заедницата Пемба се мобилизираат, заедно со локалните невладини организации како што се Хаки Центарот, со седиште во Момбаса и УНХЦР, да бараат нивно признавање како кениски државјани.




# Заедницата Маконде од Кенија





**АМИНА КАСИМ, 51,**
ОКРУГ КВАЛЕ, КЕНИЈА

## „СЕ ЧУВСТВУВАВ КАКО РОБИНКА. СЕГА СЕ ЧУВСТВУВАМ КАКО ДА СУМ ПОВТОРНО РОДЕНА“



**„Се чувствував како робинка.** Сега се чувствувам како да сум повторно родена“, вели Амина Касим, 51-годишната жена Маконде, која опишува какво е чувството да се биде кениски државјанин и да се има документација откако пет децении живеела како лице без државјанство. Среќата и новооткриената самодоверба се гледаат на лицата и се слушаат во гласовите на 30-те други членови на племето Маконде со кое УНХЦР разговараше во Укунда во крајбрежната област Квале. Џулиета Simeња, 76-годишна жена, чии образи се украсени со посебни тетоважи традиционални за културата Маконде, еднаш поминала цели денови криејќи се со своето бебе во џунглата кога Маконде биле апсени бидејќи немале државни лични карти. „Сега сме многу среќни“, вели таа, „Сега не се плашиме. Сега селските поглавари од другите племиња нè признаваат, нè поздравуваат, па дури и нè поканува ат на нивните состаноци!“

„Многу ни значи што ќе гласаме како кениски државјани за првпат по 55 години.“

Маконде во Кенија е етничко племе кое се проценува дека брои околу 4.000 луѓе кои потекнуваат од северниот дел на Мозамбик. Во консултациите со членовите на заедницата Маконде, кои беа признати како граѓани на Кенија во октомври 2016 година, откако долго живееле во земјата во состојба на бездржавјанство, се разгледуваше дали доживеале позитивни промени по признавањето на нивното државјанство.

Заедницата најчесто се состои од работници кои биле вработени од страна на Британците за време на колонијалниот период за да работат на фарми за сисал и плантажи на шеќер во кениските крајбрежни окрузи Квале и Килифи и на ридовите Таита Тевета. Други Маконде во Кенија се потомци на прогонетите борци за слобода и бегалците од граѓанската војна во Мозамбик. И покрај тоа што повеќето се жители на Кенија од нејзината независност во декември 1963 година, тие не биле признати како граѓани ниту се вклучени во некоја од базите на податоци за регистрација на населението. Извештајот за националниот попис за 2009 година ги подведува под „други“.

Тина Ерик, 22-годишна жена Маконде, ги раскажува своите болни сеќавања: „Една од моите наставнички во училиште ме издвои еден ден и му рече на одделението дека сум Маконде. 'Тоа се тие што јадат змии‘, рече таа. Бев исмеана. Дури и оние што мислев дека се мои пријатели не ме прифатија целосно“. Валеријан Корнериу, 59 години, се сеќава на деновите на постојано малтретирање од страна на властите: „За време на режимот на Мои, полицијата ми се закануваше со пиштол. Ме уапсија во Укунда и ме натераа да ги соблечам чевлите. 'Ти не си Кениец достоен за носење кениски чевли‘, ми рекоа.“ Томас Нгули, почитуваниот 60-годишен претседател на заедницата Маконде, потврдува дека овие дискриминаторски ставови, присутни дури и кај највисоките нивоа на власта, ја деградирале и исклучувале неговата заедница, со што на нив не се гледало како на човечки суштества достојни за почит: „Еден политички водач на прашањето како гледа на припадниците на Маконде, бесрамно одговори пред толпата народ дека на нас гледа како на канибали – луѓе што јадат други луѓе! По тоа, каква надеж ни останува?“

Навистина, долго време заедницата Маконде живеела без надеж. Талентирани уметници на заедницата Маконде изработуваат сложени резби од слонова коска кои се високо ценети од богатите туристи. Но, до неодамна, заради нивното бездржавјанство тие често биле измамувани и не заработувале соодветен приход за нивниот труд. „Ние бевме првите резбари што продававме на плажа“, вели Томас, „но тие доаѓаа и нè апсеа, велејќи дека немаме дозвола за пристап до оваа област. Тоа беше


Томас Нгули, 60, Округ Квале, Кенија.

јавна плажа! Сепак, плаќавме посредници кои ни даваа дозволи, но тогаш истите тие ќе и кажеа на полицијата, која доаѓаше и ни ја одземаше нашата слаба заработка". Џон Хамиси, 48 години, платил за лажна државна лична карта за да се вработи на сафари камп, но сепак бил платен помалку од половина од месечната плата од 18.000 кенијски шилинзи (170 американски долари), бидејќи тој е припадник на заедницата Маконде. Кога неговата измама била откриена, веднаш бил отпуштен од работа. „Сакав да се самоубијам, бидејќи дури и тоа малку што го заработував веќе не постоеше".

**Без државјанство или документи за идентификација** како што се националните лични карти или изводи од матичната книга на родените, децата Маконде немале можност да го завршат образованието или нивните барања за стипендии не се разгледувале. Тина Ерик објаснува како нејзините родители со скршено срце дозволиле нејзиниот брат, брилијантен студент, да биде посвоен од кениско семејство само за да може да оди во средно училиште. Возрасните Маконде биле исклучени од пристап до финансиски услуги, како што се микрокредити за женски групи за основање на пчеларски или кројачки бизнис или за отворање на продавници за чај. Амина Касим тажно се потсеќа „пред да ја добијам мојата државна лична карта, живеев тежок живот. Не можев да се вклучам во некој значаен бизнис. Тргував со ситни работи, како свахили бухти. За нивната продажба не треба дозвола." Нејзината пријателка, 44-годишната Кадија Лукас, се согласува, велејќи: „Немав капитал. Не можев да се вклучам во женските групи. Со лична карта можете да позајмите до 100.000 кениски шилинзи (1.000 американски долари) за да започнете бизнис." Не постоела можност за купување имот, пристап до здравствени услуги или патни документи.

И сите ја чувствувале силната болка заради неможноста да купат нешто толку едноставно и неопходно како мобилен телефон.

Иако во минатото заедницата Маконде во Кенија, во разни временски периоди, била поканета да гласа и од владите на Мозамбик и од Кенија на нивните општи избори, никогаш не им бил доделен статусот на граѓани од ниту една од овие држави. Стекнувањето на кениското државјанство од страна на заедницата Маконде во октомври 2016 година го означи крајот на долготрајната борба. Во 2015 година, по неколкудецениското лобирање, заедницата Маконде успешно поднесе петиција до претседателот Ухуру Кенијата за да го преиспита нивниот случај. Како одговор, тој повика на формирање на владина работна група за да се разгледа прашањето на бездржавјанство во земјата. Оваа работна група, која се состои од Дирекцијата за имиграција и регистрација на лица, Националното матично биро, Националното биро за статистика на Кенија, Секретаријатот за бегалци, службите за матична регистрација и Националните разузнавачки служби, со помош на УНХЦР, започна со прибирање податоци и информации за заедницата Маконде и другите групи без државјанство во Кенија, како што е заедницата Пемба. Во ноември 2015 година, Работната група го изготви извештајот со препораки за регистрирање и натурализација на групи без државјанство во земјата.

**Фрустрирани од доцнењата** во спроведувањето на препораките, во октомври 2016 година, стотици млади и стари Маконде , поддржани од локалните групи на



Марија Ваз, 55, Округ Квале, Кенија.

граѓанското општество, како што е Комисијата за човекови права во Кенија, учествуваа на сега легендарниот марш од Квале до Најроби со цел лично да побараат од претседателот на Кенија да ги признае како кениски граѓани. На 13 октомври 2016 година, погоден од маките и напорите на Маконде и одлучен да ја реши нивната ситуација, претседателот на Кенијата се извини, велејќи: „Предолго време беше потребно да ви се даде правото што ви следува како сограѓани Кенијци. Денес е последниот ден кога ве нарекуваат посетители.“ Тој со декрет нареди да се спроведат одредбите во Законот за државјанство и имиграција на Кенија (2011), кој им дава на лица без државјанство кои живееле во земјата од независноста на Кенија во 1963 година (и нивните потомци) право да бидат регистрирани како кениски државјани. Претседателот, исто така, официјално го призна Маконде како 43-то племе на Кенија, зацврстувајќи ја заложбата идните генерации Маконде да бидат признати како државјани.

> Претседателот исто така официјално го призна Маконде како 43-то племе на Кенија.

Речиси шест месеци подоцна, повеќе од 1.500 припадници на заедницата Маконде добија кениско државјанство. Илјада и двесте Маконде добиле државни лични карти, а 2.000 добиле изводи од матичната книга на родените. Во тој процес, Владата се откажа од огромните барања, како што се докази за постојано живеење во Кенија од 1963 година, како и надоместокот за апликација од 2.000 кениски шилинзи (20 американски долари).

Во овој краток период по декретот на претседателот, заедницата ги чувствува позитивните влијанија од признавањето на нивното државјанство. Младите на заедницата Маконде се вработуваат како полициски и воени службеници, а 200 места се резервирани за нив во Националната младинска служба кој ќе спроведе големи проекти во рамките на националниот план за развој на земјата. Џон Хамиси е среќен. Среќен е што „нашите луѓе се вклучени во владините служби. Некои од нас се приклучија на полициската служба. Некои од нас дури и работат во обезбедувањето на Општата служба. Убаво е чувството да се застане и да се зборува на мајчиниот јазик како и секој друг Кениец без да се биде маргинализиран.“ Други се вклучени во програмата „Инуа Џамии“ или „Зајакнување на заедницата“ која ги пренесува месечните готовински плаќања преку мобилен телефон, кој сега лесно се купува, за помош на сиромашните, постарите и лицата со посебни потреби. Постарите припадници на заедницата Маконде во Момбаса се запишани во Државниот фонд за болничко осигурување, со кој им се помага на оние кои страдаат од дијабетес и висок крвен притисок.

Братот на Тина Ерик сега има 18 години и има национална лична карта на Кенија, со која успеа да добие стипендија за студирање на медицинскиот колеџ. Таа, исто така, бара добра работа со што ќе помогне да се „изгради нацијата“. Амина Касим со нетрпение очекува да добие пасош за да го исполни нејзиниот животен сон да патува во Индија. Томас Нгули веќе купил земјиште и го обработува сопственото дело. Марија Ваз се радува на општите избори: „Многу ни значи што ќе гласаме како кениски државјани за првпат по 55 години“, вели таа. 22 членови на групата танчари од заедницата Маконде ќе можат да ја регистрираат својата група како бизнис, да ја споделат својата култура преку нивните изведби и да заработат за пристоен живот. „Се чувствуваме добро“, вели 33-годишниот Тви Хамиси, еден од танчарите, „сега сме слободни“.



Хатибу Бакари, 41,
заедницата Пемба,
Округ Квале, Кенија.

**„НИЕ ЈА САКАМЕ НАШАТА ЗЕМЈА. ПОТРЕБНИ НИ СЕ УСЛОВИ ЗА ДА МОЖЕМЕ ДА ЖИВЕЕМЕ ТУКА.“**

**„ЗОШТО НÈ ТРЕТИРААТ КАКО СТРАНЦИ, ПА ДУРИ И БАРААТ ДА ПОБАРАМЕ ВИЗА ЗА ДА БИДЕМЕ ВО НАШИОТ ДОМ?“**

**„СЕКАДЕ НА ДРУГО МЕСТО СМЕ СТРАНЦИ. ТУКА СМЕ ДОМА“.**

Ова беа најчесто артикулирани чувства што произлегоа од консултациите на УНХЦР со малцинствата без државјанство во 2017 година. Најсилната порака што произлезе од дискусиите е дека малцинствата без државјанство сметаат дека им припаѓаат на земјите во кои живееле со генерации колку и граѓаните на тие земји, и тие бараат целосно признавање и учество во општеството кое доаѓа со државјанството.

# „ОВА Е НАШАТА ТАТКОВИНА.“

Ниту една од малцинските групи кои се консултирани не одбрала да биде без државјанство. Многумина беа фрустрирани заради понижувањата со кои живееле, обидувајќи се да добијат документација за идентитет и државјанство за себе и за своите деца, а некои и понатаму се заробени во финансискиот и психолошкиот лавиринт во потрага по државјанство. Како што истакна Исмаил Рамјанали од заедницата Карана: „Мирот може да го почувствувате само ако имате државјанство. Без државјанство, несигурноста одзема многу енергија.“ Исклучувањето кое го трпат малцинските групи без државјанство им задава голем удар, но исто така претставува потенцијална загуба за заедниците во кои живеат. Ова беше ставот, на пример, на Високиот суд на Бангладеш во 2008 година, кога донесе револуционерна пресуда за признавање на малцинствата Урду  како државјани на Бангладеш. Судот забележал дека: „Со неколкудецениското нерешавање на прашањето на државјанството врз погрешни претпоставки, оваа земја не добила ништо - туку е лишена од придонесот што тие можеле да го дадат во градењето на нацијата“.

**Принципот на недискриминација** е дел од меѓународното право, а бројни инструменти за човекови права содржат одредби со кои се гарантира правото на државјанство и правото на еднаквост. Универзалната декларација за човекови права во членот 15 прогласува дека „Секој има право на државјанство“ и „Никој не смее произволно да биде лишен од државјанството, ниту од правото да го смени своето државјанство“. Во Меѓународниот пакт за граѓански и политички права во членот 24 е наведено дека „секое дете има право да стекне државјанство“ и во член 26 дека „Сите лица се еднакви пред законот и имаат право без никаква дискриминација на подеднаква заштита пред законот. Во таа смисла, законот мора да ја забрани секоја дискриминација и да им осигура на сите лица подеднаква и успешна заштита против секоја дискриминација, особено во поглед на расата, бојата, полот, јазикот, верата, политичкото или друго убедување, националното или социјалното потекло, имотната состојба, или секоја друга состојба“.

„Мирот може да го почувствувате само ако имате државјанство.“

Исто така, постојат одредби за правото на државјанство и недискриминација во Конвенцијата за правата на детето, Конвенцијата за елиминација на расната дискриминација и Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените, меѓу другите. Членот 9 од Конвенцијата за намалување на стапката на бездржавјанство од 1961 година наведува дека „една држава потписничка не смее да лиши кое било лице или група лица од државјанство на расна, етничка, верска или политичка основа“. Декларацијата за правата на лицата што припаѓаат на националните, етничките, религиозните и јазичните малцинства усвоена пред 25 години ги обврзува државите да преземат мерки за да осигурат припадниците на малцинствата да можат целосно да ги остварат своите човекови права и основни слободи без никаква дискриминација и со целосна еднаквост пред законот. Неодамна, Агендата за одржлив развој усвоена од Генералното собрание на ОН во 2015 година ја одразува решеноста на меѓународната заедница да „не остави никого настрана“ и ги обврзува државите да обезбедат „правен идентитет за сите, вклучувајќи и регистрација на родени до 2030 година“ (Цел 16.9).

Во речиси сите случаи на лица без државјанство, најдоброто решение е тие лица да добијат државјанство на земјата со која имаат најсилни врски. Од клучно значење е тоа да се постигне што е можно порано во животите на поединците за да можат да имаат корист од образованието и од други можности што може да ги одминат луѓето без државјанство. Обезбедувањето еднаков пристап до правата на државјанство за малцинските групи е една од клучните цели на Кампањата #IBelong на УНХЦР за ставање крај на бездржавјанството до 2024 година. За да се постигне ова, УНХЦР ги повикува сите држави да ги преземат следниве чекори во согласност со Активностите 1, 2, 4, 7 и 8 од Глобалниот акциски план на УНХЦР за ставање крај на бездржавјанството:

„Сега со државјанството, идните

- Да се олесни натурализацијата или потврдување на државјанството на малцинските групи без државјанство кои живеат на територијата, под услов да се родени или престојувале таму пред одреден датум, или да имаат родители или баби и дедовци кои ги исполнуваат овие критериуми.

- Да им се дозволи на децата да се стекнат со државјанство од земјата во која се родени, доколку без тоа би биле без државјанство.

- Да се укинат законите и практиките кои на лицата им негираат или ги лишуваат од државјанство врз дискриминаторски основи, како што се расата, етничката припадност, религијата или статусот на јазично малцинство.

- Да се обезбеди универзална регистрација на раѓања за да се спречи бездржавјанството.

- Да се отстранат процедуралните и практичните пречки на издавањето документи за државјанство на оние кои имаат законско право на тоа.

Откако УНХЦР ја започна својата кампања #IBelong за ставање крај на бездржавјанството до 2014 година, голем број држави направија важни чекори во согласност со горенаведените препораки. Владата на Тајланд донесе национална политика на нула бездржавјанство до 2024 година и им го призна државјанството на десетици илјади припадници на малцинските заедници. Владата на Кенија го реши долготрајното бездржавјанство на припадниците на Маконде заедницата, вклучувајќи ги како 43-то племе на Кенија. Владата на Малезија усвои „Малезиско-индиски план“ за решавање на проблемот на државјанството за населението од индиско потекло, од кои илјадници добиле малезиско државјанство во последните неколку години. Некои влади ги зајакнаа заштитните мерки против бездржавјанството кај децата, вклучително и Ерменија, Естонија и Таџикистан. И меѓународната заедница укажа на својата решеност да ја реализира универзалната регистрација на раѓањата, и со тоа да помогне во спречување на бездржавјанството преку усвојувањето на Агендата за одржлив развој 2030.

**Треба да се вложат поголеми напори** за да се стави крај на дискриминацијата и на сите малцински групи да им се овозможи да го уживаат право на државјанство и сето она што произлегува од него. Малцинствата без државјанство ги бараат истите можности што ги уживаат сите граѓани. Кога се исклучени, не страдаат само тие, бидејќи исклучувањето и маргинализацијата имаат негативни последици за целото општество. Кога малцинствата без државјанство се признати како граѓани, придобивките се јасни. Според зборовите на Џулиета Сименја, припадничка на старешините од заедницата Маконде, која сега е државјанка на Кенија: „Сега сме среќни. Сега немаме страв. Сега со државјанството, идните генерации ќе бидат во ред.“

генерации ќе бидат во ред.“



Со цел да се заштитат идентитетите, имињата на некои од поединците спомената во овој извештај се променети.

Границите и имињата кои се прикажани и ознаките кои се употребени на мапите не подразбираат официјално одобрување или прифаќање од страна на Обединетите нации.

Слика на корицата: Џулиета Сименја, 76, заедницата Маконде, Округ Квале, Кенија.

Сите фотографии во овој извештај: © УНХЦР / Р. Арнолд.




УНХЦР сака да им се заблагодари на поединците кои учествуваа во консултациите што ја сочинија основата за овој извештај. Истрајноста на учесниците во нивната постојана борба да бидат препознаени како граѓани премногу ги инспирираше сите членови на истражувачкиот тим. Постојаната работа на УНХЦР да се намали и спречи бездржавјанството ќе има полза од бесценетите споделени информации и увиди.

UNHCR
The UN Refugee Agency

Издавач: Оддел при УНХЦР
за меѓународна заштита

Ноември 2017

За информации како да
се вклучите и да ја поддржите
кампањата **#IBelong**, ве молиме
посетете ја страницата:
www.unhcr.org/ibelong

